РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-223/3
19-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжениeто од шестата седница одржано на ден 12.06.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-3876/1 од 09.10.2021 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-3876/1 од 09.10.2021 година.
Предметот со број 08-3876/1 од 09.10.2021 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-3876/1 од 09.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
Од увидот во Службен весник на РСМ број 110/21 ДКСК утврди дека лицето ________________________ на ден 11.05.2021 година е именувано на функцијата директор на ___________________________________.
Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека именуваниот, во законски предвидениот рок по именување на функцијата, не поднел анкетен лист до ДКСК.
Од наведеното произлегува дека _______________________________ сторил прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.
ДКСК на ______________________________ му издаде прекршочен платен налог број 08-223/2 од 20.01.2022 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.
Имајќи во предвид дека од денот на издавањето на прекршочниот платен налог се изминати две години и во тој период не е преземено процесно дејствие за гонење на сторителот на прекршокот односно не е поведена прекршочна постапка, настанала застареност за поведување и водење на прекршочна постапка во конкретниот случај.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: С.Д. , член на ДКСК